# Филипче да се соочи со вистината

Сабота, 29 Ноември 2025 17:21




Кога Венко Филипче – долгогодишната продолжена рака и верна политичка сенка на Зоран Заев – ќе се јави загрижен за стандардот на граѓаните, а особено за пензионерите, човек не знае дали да се насмее или да се зачуди.

Аман, Филипче, не се грижи!

Да потсетиме: токму владата во која тој беше еден од најекспонираните министри им даваше на пензионерите симболични суми, по сто денари, па некогаш и по илјада – ни таму, ни овде. Понижувачки исплати со кои не се решаваше ништо, туку само се навредуваа луѓето кои целиот живот го поминале во работа и труд.

Тоа беше политиката на СДС: понижување, манипулации, дезинформации и вечни оправдувања. Партија која никако не успеа да понуди повисок стандард, ниту реална грижа за луѓето. Партија во која најгласните „загрижени“ најчесто се грижат прво за сопствениот џеб.

Затоа, ако Филипче навистина сака да помогне, најдоброто што може да направи е да собере храброст и да си замине од СДС. Тоа би било барем еден искрен потег после години политичка сенка и партиска послушност.

Од другата страна, народот веќе покажа кому верува. ВМРО-ДПМНЕ се покажа како партија која не ги дели граѓаните, туку се грижи за секого подеднакво, и токму затоа довербата што ја доби на Претседателските, Парламентарните и неодамна Локалните избори не е случајна – тоа е резултат на работа, не на празни зборови.